РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# УПАТСТВО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНКЕТАТА ЗА СТРАНСКИ ТУРИСТИ (АНКЕТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ) ТУ.13

Скопје, 2019

# СОДРЖИНА:

I ПРАВНА ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 4

II МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА АНКЕТАТА ЗА СТРАНСКИ ТУРИСТИ - АНКЕТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ ........ 5

III ОРГАНИЗАЦИЈА НА АНКЕТАТА ........ 7

IV УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ ........ 8

## I ПРАВНА ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Правна основа за реализација на статистичкото истражување Анкета за странски туристи - Анкета во објекти за сместување е Законот за државната статистика („Службен весник на РМ“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18) и Програмата за статистички истражувања 2018-2022 („Службен весник на РМ“ бр. 22/18 и 224/18) и во согласност со Регулативата бр. 692/2011 на Европскиот парламент и Советот, според кои Државниот завод за статистика е овластен за подготовка на методологиите, инструментите за спроведување, прибирање, обработка, анализа и објавување на статистичките податоци, Анкетата се организира во соработка со персоналот во сместувачките објекти (рецепционери).

Податоците кои се прибираат со ова статистичко истражување претставуваат индивидуални податоци и се заштитени со Законот за државната статистика, од каде што произлегува и обврската за нивна заштита при прибирањето, обработката, објавувањето, како и при складирањето на податоците и нивното уништување во пропишаните рокови. Индивидуалните податоци ќе се користат само за статистички цели и како поединечни нема да се даваат ниту објавуваат. Како поединечни, овие податоци не може да се користат за донесување на какви било одлуки во врска со лицето за кое се однесуваат.

Лицата кои вршат прибирање и обработка на податоците се должни да ги чуваат како службена тајна. Податоците, по завршувањето на потребата за која се прибрани и по нивната обработка, по определен период, се уништуваат.

## II МЕТОДОЛОШКИ ОСНОВИ ЗА АНКЕТАТА ЗА СТРАНСКИ ТУРИСТИ - АНКЕТА ВО ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

### ОПШТИ ПРИНЦИПИ

#### Цел на Анкетата

Анкетата за странски туристи се спроведува со цел да се добијат основни податоци за потрошувачката на странските туристи и основните структури на рецептивниот туризам. Оваа Анкета во некои заводи за статистика е позната како Анкета за потрошувачката на странските туристи или како Анкета за мислењето на странските туристи.

Во основа, Анкетата обезбедува четири категории на информации и тоа:

- информации за начинот на организирање на патувањето,
- информации за структурата на трошоците за време на престојот во земјата,
- информации за мислењата и оценките на странските гости за престојот во Северна Македонија,
- информации за социоекономската структура на туристите.

Податоците од оваа Анкета претставуваат квалитетна основа за други истражувања поврзани со развојот на туризмот и областите поврзани со него и, пред сè, за оценка на вкупната туристичка потрошувачка. Многу важни индикатори што можат да се добијат преку Анкетата се поврзани со податоците за приходите од туризмот во платниот биланс на земјата.

Од оваа Анкета се добиваат и значајни показатели за мислењето на странските гости во врска со услугите во туризмот и односите меѓу цените и квалитетот на пружените услуги.

#### Дефиниции[1]

**"Туризам"** е активност на посетител кој патува во главна дестинација надвор од вообичаената животна средина, за помалку од една година, за која било главна цел, вклучувајќи бизнис, забава или други лични цели, освен да биде вработен од страна на лице-резидент во местото на посета.

Туризмот вклучува патувања со ноќевања, но и еднодневни посети (излети) без ноќевања.

Посетителот се класифицира како турист (или посетител кој преноќева) доколку неговото/нејзиното патување вклучува ноќевање, и како еднодневен посетител (на екскурзија) кој не преноќева. Во оваа Анкета се анкетираат туристите во објектите за сместување.

Времетраењето на патувањето обично треба да биде изразено преку бројот на ноќевања. Доколку нема ноќевања, тогаш посетителот е на екскурзија, а кога постои потреба за ноќевање, тогаш тој/таа е турист. Понекогаш престојот на посетителот може да се прошири и да надмине полноќ, како, на пример, кога посетителот присуствува на фудбалски натпревар, шоу, забава надвор од вообичаената животна средина. Препорачливо е во тие случаи, активностите преземени после полноќ, кои не вклучуваат наоѓање место за одмор до следното утро, да не се сметаат за ноќевање. Сепак, доколку посетителот остатокот од ноќта ја помине на клупа, на плажа или на друго место, треба да се смета за турист кој остварил ноќевање во местото на посета, иако ноќевањето не е во некое пособдветно место за одмор, односно не е во сместувачки објект (во оваа Анкета нема да бидат опфатени овие туристи, со оглед на тоа што ќе се реализира во рамките на сместувачките капацитети).

Домашен турист е лице со постојано живеалиште во Република Северна Македонија кое привремено престојува во друго место надвор од своето постојано живеалиште и преноќува најмалку една ноќ во угостителски или други објекти за сместување на туристи. Овие туристи не се предмет на анкетирање во оваа Анкета.

*1 Eurostat - Methodological manual for tourism statistics — 2014, v. 3.1*

**Основно множество**

Основното множество единици во оваа Анкета се странските туристи кои отседнуваат, односно остварениот број на ноќевања во туристичките (угостителските) деловни единици во Северна Македонија.

**Странски турист** е лице со постојано живеалиште надвор од Република Северна Македонија кое привремено престојува во Република Северна Македонија и преноќува најмалку една ноќ во угостителски или други објекти за сместување на туристи.

Значи, единица на набљудување е странскиот турист-нерезидент на Република Северна Македонија кој сам или со лица со кои заедно ги сноси трошоците за престојот, ноќева во угостителски објект во земјата.

Како нерезиденти се сметаат и лицата со македонско државјанство кои живеат надвор од Северна Македонија повеќе од 12 месеци.

Во Анкетата не се опфатени лицата-членови на воените сили и лицата-членови на дипломатски мисии кои живеат во Северна Македонија повеќе од 12 месеци и членовите на екипажи.

**Време на спроведување на Анкетата**

Анкетата за странски туристи се спроведува во месеците јуни, јули, август и септември. Изборот на периодот за анкетирање се базира на остварениот број на ноќевања по месеци на странските туристи, прикажан преку податоците од редовните месечни истражувања ТУ.11.

Според тие податоци, како месеци за анкетирање се определени јуни, јули, август и септември во кои се остваруваат приближно околу половина од сите ноќевања на странските туристи.

Двата месеца, јули и август, претставуваат период на полна сезона, додека месеците јуни и септември, период на пред и после сезона.

**Опфатеност на објектите и видови на места**

Во Анкетата за странски туристи во 2019 година ќе се опфатат градот Скопје, како главен град на земјата, „другите туристичките места“ (Охрид, Струга, и сл.) кои опфаќаат околу 75% од вкупниот број на ноќевања, а ќе бидат вклучени и објекти од „бањски места“, „планински места“ и „други места“ со цел да се обезбеди репрезентативност за територијата на земјата.

**Фази на анкетирање**

За секоја анкета од овој вид, каде што се применуваат различни критериуми за оптимизирање на резултатите во сите фази, потребно е да се дефинираат следните чекори:

1. Да се дефинира целното множество;
2. Да се одреди периодот на набљудување;
3. Да се специфицираат единиците;
4. Да се одреди големината на примерокот;
5. Да се обезбеди согласност, односно дозвола од избраните единици за спроведување на Анкетата во објектот;
6. Да се одреди рамката за избор;
7. Да се одреди методот за избор;
8. Да се дефинира процедурата за обезбедување на одговори;
9. Да се дефинира методот на анкетирање;
10. Да се обучат анкетарите.

**Метод на анкетирање**

Како најсоодветен метод за прибирање на податоци за рецептивниот туризам ќе се применува методот на интервју. Тоа, во основа, ја намалува стапката на недадени одговори.

Ценејќи ја потребата од поголема точност на податоците од Анкетата, како и финансиските и кадровските можности, како анкетари се ангажирани лица-рецепционери од соодветните хотели.

Интервјуто, по правило, ќе го изврши лицето-рецепционер ангажирано од страна на Заводот.

Тој има најповолни можности да го избере гостинот од книгите на гости, да стапи во контакт со него и да го пополни прашалникот или да му го даде прашалникот во најповолен период и да го прими во предвидениот период. Исто така, тој има најголема можност за контрола на логичноста на прашањата дадени од страна на странскиот турист.

Лицето-рецепционер одредено за анкетирање на туристите, по инструктажата ќе добие број на лица кои треба да се анкетираат, дистрибуција на бројот по недели за соодветниот месец (Помошен образец ТУ.13/1) и други неопходни упатства.

Анкетарот во хотелот има задача, исто така, во случај некој од гостите да одбие да го пополни прашалникот или да одбие да биде анкетиран, да избере друг следен гостин кого ќе го анкетира, но така што ќе ги почитува следните принципи:

1. Ако има за анкетирање повеќе од едно лице во неделата, тогаш анкетирањето ќе го изврши интервјуирајќи не повеќе од двајца туристи на ден.

2 Ако лицето за анкетирање одбие да биде анкетирано, тогаш анкетарот ќе интервјуира друг гостин, но притоа бројот за анкетирање останува ист.

За секој избран гостин и лицата кои со него патуваат се пополнува еден прашалник со тоа што дел од прашањата се однесуваат на лицето (индивидуални податоци), а дел се однесуваат на сите лица кои заедно ги сносат трошоците за престојот.

**Ако анкетарот не анкетирал турист во предвидената недела, тогаш може да изврши анкетирање во следната недела, но притоа мора да се почитуваат критериумите за претсезона и сезона. Тоа значи дека ако не е анкетирано лице во последната недела во јуни затоа што немало такво лице,тогаш ќе се зголеми бројот за анкетирање во септември, а не во јули.**

За исполнување на предвидениот број на лица за анкетирање, лицето - рецепционер го пополнува помошниот образец ТУ.13/1 во кој го внесува и бројот на лицата кои одбиле да бидат анкетирани.

## III ОРГАНИЗАЦИЈА НА АНКЕТАТА

За целосно организирање на Анкетата е одговорен Државниот завод за статистика кој во определени рокови подготвува:

- методологија за спроведување на Анкетата;
- дизајнирање и превод на образецот;
- план за избор на примерокот и опис на примерокот;
- упатство за работа на анкетарите;
- избор и обука на анкетарите;
- финансиски план за наградување на анкетарите;
- план и упатство за обработка и табелирање на податоците;
- план за дисеминација и објавување на податоците.

Државниот завод за статистика, како надлежен за работите од областа на статистиката, Анкетата за странски туристи ја спроведува преку своите регионални одделенија за статистика и ги утврдува нивните надлежности околу доставувањето, прибирањето и контролата на извештаите.

**Регионални одделенија за статистика (РОС)**

Раководителите на РОС, како и лицата определени од нивна страна,

во текот на спроведувањето на Анкетата ќе треба да се грижат за:

- организација и координација на активностите пред и во текот на спроведувањето на Анкетата на теренот - избраните сместувачки објекти;

- разрешување на одредени прашања од стручно-методолошки карактер, технички карактер и други непредвидени ситуации;

- навремено и квалитетно спроведување на Анкетата според методолошките основи;

- посета и следење на работата на анкетарите-рецепционери во избраните објекти, а особено во првата, т.е. втората недела од месец јуни со цел навремено да се елиминираат одредени системски грешки кои би се повторувале;

- информирање на лицата од ДЗС доколку се појават проблеми од организациски и стручно-методолошки аспект;

- редовно контактирање со анкетарите во текот на спроведувањето на Анкетата;

- примање на пополнетите обрасци на крајот од месецот, контролирање и, во определениот рок, 15-20 во месецот, доставување до ДЗС;

- по завршувањето на Анкетата да дадат оценка за квалитетот и валидноста на податоците во соработка со одговорните лица од ДЗС;

- доставување на прелиминарен список за исплата на анкетарите.

**Анкетари**

**Анкетари** - лица кои непосредно ја извршуваат Анкетата и се обврзани да ги почитуваат правилата за пополнување на обрасците.

Изборот на анкетари и тимот за спроведување на Анкетата го врши Државниот завод за статистика во соработка со избраните сместувачки објекти и регионалните одделенија за статистика:

- секој анкетар задолжително треба да зборува англиски јазик;
- анкетарот треба да ги прифати условите за спроведување на Анкетата;
- анкетарот треба да е вешт и подготвен за соработка со странските туристи;
- наградувањето на анкетарите ќе биде во согласност со критериумите во посебниот правилник за финансирање на Анкетата;
- Правилникот на Државниот завод за статистика за организација и спроведување на Анкетата треба да му е познат на анкетарот со кој се склучува договор.

## IV УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ

Образецот самостојно го пополнува избраниот странски турист или рецепционерот со помош на туристот.

Овој образец се пополнува со заокружување и со впишување на дел од одговорите на линиите. Делот за денари и делот од податоците каде што се предвидени места за кодови, се пополнуваат во Државниот завод за статистика.

За секој избран турист се пополнува еден извештај.

Како **странски туристи** се сметаат лицата чие место на живеење е надвор од Република Северна Македонија, кои престојуваат во објект за сместување во Северна Македонија, како и лицата-недржавјани на Република Северна Македонија кои престојуваат во земјата помалку од 12 месеци. Лицата-членови на мировните сили или екипажи не се сметаат како туристи.

Лицата кои имаат македонски пасош, а подолго време живеат (повеќе од 12 месеци) во странство, ќе се сметаат за странски туристи.

**Идентификациски податоци**

Овие податоци се однесуваат на објектот во кој се врши анкетирањето.

Податоците за секој објект анкетарите ќе ги добијат со помошниот образец ТУ.13/1.

Општина - се запишува името на општината.

Населено место - се запишува името на населеното место (не името на месноста).

Назив на објектот - се запишува официјалното име на објектот.

Категорија - овој податок го пополнува статистика.

Реден број - редниот број на објектот се запишува од помошниот образец. Тој број е однапред познат.

Реден број на прашалникот во анкетираниот месец - се запишува растечкиот реден број во текот на месецот во рамките на објектот во кој се врши анкетирањето.

Ден, месец, час на анкетирање - се запишува денот кога е извршено анкетирањето.

Времетраење на анкетирањето (во минути) - анкетарот го впишува времето кое го потрошил за анкетирање.

**А. Податоци за патувањето**

**1. Ден и месец на пристигнување во објектот за сместување** - анкетарот го впишува датумот на пристигнување на туристот во сместувачкиот објект, кој може да се преземе и од евиденцијата на сместувачкиот објект.

**2. Број на планирани ноќевања во земјата**- туристот треба да одговори колку ноќи планира да остане во Република Северна Македонија, а не само во угостителскиот објект каде што се анкетира.

**3. Дали патувате- престојувате сами или со придружба** - се заокружува еден од модалитетите.

Модалитетот „сам“ се заокружува кога лицето патува самостојно и само ги сноси трошоците за престојот.

Кога лицето патува со својот партнер, освен со сопруг/сопруга, тогаш се заокружува модалитетот 2.

Модалитетот 3 се заокружува кога лицето патува со некој од членовите на семејството (сопруг/сопруга, син, ќерка).

Модалитетот 4 се заокружува кога лицето патува со роднини и/или пријатели. Доколку патува со членови од семејството и со роднини и/или пријатели, тогаш се заокружува модалитетот 3.

**4. Број на лица со кои ги делите трошоците за патувањето/престојот (вклучувајќи Ве и Вас)** - во вкупниот број на лица влегуваат и членовите на семејството сметајќи се и себе, а исклучувајќи ги роднините/пријателите, односно познаниците, т.е. на прашањето 5 е заокружено 1, 2 или 3. Ова прашање е поврзано и со трошоците за престојот, каде што доколку патува со роднини/пријатели со кои има заеднички трошоци, во делот за трошоци ги прикажува само своите трошоци.

**4.1 Возраст на лицата со кои ги делите трошоците.** Се впишува бројот на лицата според дадените возрасни групи.

**5. Начин на организирање на патувањето**

На ова прашање се одговара со заокружување на еден од предвидените модалитети.

Првите три одговори се однесуваат на таков вид на патување и престој кога лицето индивидуално презело активности да обезбеди престој, без или со претходна резервација, односно:

- кога самостојно пристигнало и се сместило во некој објект - модалитет 1;

- кога лицето индивидуално пристигнало, но претходно самото извршило резервација во соодветен објект - модалитет 2;

- третиот случај, модалитет 3 се заокружува кога лицето не патува во група, туку самостојно, но направило договор со агенцијата која го организирала престојот давајќи му на лицето ваучер бидејќи уплатата е извршена во агенцијата.

Модалитетите 4 и 5 се однесуваат на организирано патување од страна на агенција или клубови, здруженија, непрофитни организации и сл., каде што условите за престој се еднакви за сите членови на групата.

**6. Која е главната цел на Вашето доаѓање во Република Северна Македонија? -** Предвидени се 7 модалитети кои се одговараат со заокружување.

Целта на престојот туристот треба самиот најблиску да ја одреди, а се избира само еден одговор (според претежноста).

**7. Дали посетата на ова место е Вашата прва дестинација?** - Лицето треба да одговори со „Да" или „Не". Доколку одговори со „Да", преминува на прашањето бр.8, а доколку одговори со „Не",во прашањето 7.1 треба да ја наведе примарната (мотивирачка) дестинација која го привлекла туристот да ја посети Северна Македонија. На пример, туристот престојува во хотел во Скопје, но мотивот за посета на Северна Македонија бил да го посети „Кокино".

**8. Кој е главниот извор на информации за Вашиот престој?**

На ова прашање се одговара со заокружување на еден од дадените модалитети и тоа претежниот извор на информации, според оценката на гостинот.

**9. Со кое сообраќајно средство пристигнавте во Република Северна Македонија?**

На ова прашање се одговара со заокружување. Одговор се дава за сообраќајното средство со кое лицето пристигнало во Република Северна Македонија.

Ако лицето има одговор со модалитет 6 или 7, тогаш треба да одговори и на прашањето бр.9**а -** дали превозникот е од Република Северна Македонија (модалитет 1) или од друга држава (модалитет 2).

**10. Како Ви е организирана исхраната?**

На ова прашање се одговара со заокружување на еден од одговорите од 1 до 5, во зависност од тоа дали се храни во објектот или надвор од него. Одговорот на ова прашање е поврзан со одговорот на прашањето 3 во делот Б - Трошоци за патувањето и престојот во Република Северна Македонија, каде што ако е одговорено со модалитетите 1, 2 или 3, тогаш мора да има одговор во делот Б или на модалитетот 3.1 или на модалитет 3.3. Кога е одговорено со модалитетите 4 или 5, во делот Б треба да има одговор на модалитетот 3.2.

**11. Колку ноќевања остваривте при Вашиот сегашен престој во Република Северна Македонија?**

На ова прашање се дава одговор со впишување на бројот на ноќевањата, посебно во местото на анкетирање и посебно во Република Северна Македонија. Бројот на ноќевањата во Република Северна Македонија е збир на сите ноќевања остварени во Република Северна Македонија и е поголем или еднаков на бројот на ноќевањата во местото на анкетирање.

**12. Колку пати досега сте престојувале во Република Северна Македонија, не сметајќи го овој престој?**

На ова прашање можни се одговори на сите модалитети. Притоа, бројот на вкупните престои во Република Северна Македонија (12.1) е поголем или идентичен со бројот на престои во местото на анкетирање (12.2). Исто така, и бројот на престои во местото на анкетирање (12.2) е поголем или идентичен со бројот на престои во истиот објект на анкетирање (12.3).

## Б.Трошоци за патувањето и престојот во Република Северна Македонија

**<u>Општи правила</u>**

1. Сите трошоци можат да се искажат во валута што ќе ја избере гостинот со тоа што таа ќе биде наведена на линијата кај прашањата Б.1.1 и Б.2.

2. Сите ставки , по можност, треба да се изразат во истата валута.

3. Доколку трошоците се изразени во странска валута, претворањето во денарска противвредност се врши во Државниот завод за статистика (ДЗС), во делот „пополнува статистика".

4. Трошоците се однесуваат на сите лица запишани во прашањето **А.4,** лица кои со анкетираниот гостин заедно ги делат трошоците за време на престојот.

**<u>Структура на трошоците</u>**

Вкупните трошоци во ова прашање се однесуваат на сите лица кои со анкетираниот гостин заедно ги сносат трошоците за време на престојот.

**Ако лицето престојува со роднини и пријатели со кои има заеднички трошоци, тогаш на прашањето за трошоците ќе го прикаже само сопствениот дел.**

**1. На прашањето број 1** се одговара доколку туристот имал трошоци околу патувањето пред да дојде во земјата. Доколку одговори „Да“, одговара и на прашањето бр.1.1 каде што ги внесува вкупните трошоци кои ги имал пред патувањето, а се поврзани со патувањето, како што се трошоците за набавка на храна, облека, патничко осигурување, вадење патни исправи и сл. ја впишува валутата во која ќе ги искажува трошоците (шифрата се пополнува во ДЗС) и вкупниот износ на направените трошоци.

**2. Во прашањето бр.2** се запишуваат вкупните трошоци, т.е. збирот на трошоците за престојот во Република Северна Македонија во кој се содржани трошоците наведени во прашањата 3, 4, 5 и 6.2.

**3. Во прашањето број 3** се прикажани трошоците за сместување и храна во објектот во кој лицето е сместено. Покрај овие трошоци, лицата сместени во соодветниот објект можат да имаат и дополнителни трошоци за храна и пијалаци во истиот или во други угостителски објекти, но овие трошоци се надвор од пансионските услуги, што се прикажува во прашањето број 4.

На прашањето број 3, за лицата кои плаќаат пансион (храна и ноќевање - модалитет 3.1) или дошле во организирана група (модалитет 3.3), трошоците, одделно за храна и ноќевање, ги прикажува рецепционерот во заградениот дел на крајот од прашањето, а во согласност со неговите информации за тој износ. Ако има одговор на прашањето 3.2, тогаш во издвоениот дел ќе се прикажат трошоците само во полето за сместување.

Збирот на тие две ставки се впишува кај прашањето 3 во делот „Вкупно“.

**Забелешка: Ако лицето дошло во пакет-аранжман, тогаш износот на аранжманот во прашањето 3.3 ќе биде поголем од збирот на ставките храна и сместување (во прашањето број 3 во делот „Вкупно“) заради тоа што во аранжманот влегуваат и други трошоци (превоз, провизија и слично), додека износот во прашањето 3.1 или 3.2 треба да е ист со збирот во прашањето 3.**

Пример:

Лицето платило 3000 денари за ноќевање и појадок што гостинот ќе го запише на прашањето 3.1. Рецепционерот ќе одреди дека 2400 денари е за ноќевање, а 600 денари е цената на појадокот. Тие две ставки одделно ќе ги прикаже во заградениот дел на прашањето 3. На прашањето 3, „Вкупно за сместување и исхрана“ треба да се запише збирот 3000 како што е и износот кај прашањето 3.1. Доколку лицето заокружило 3.3 и за пакет-аранжман платило 6000 денари, тогаш анкетарот го внесува тој износ во прашањето 3.3, а во заградениот дел го внесува износот за ноќевање кој, на пр., изнесува 3000 денари, трошоците за исхрана кои изнесуваат 2000 денари, а трошоците за превоз и провизија кои изнесуваат 1000 денари не се прикажуваат. Така, збирот во прашањето 3, „Вкупно за сместување и храна“ ќе изнесува 5000 денари, додека износот во прашањето 3.3 ќе биде 6000 денари. Во прашањето 3, во „Вкупно“ се внесува сумата од 5000 денари во која се содржани само трошоците за ноќевање и исхрана.

Обврска на анкетарот е да го изработи точно прашањето 3 за трошоците во објектот за сместување. За другите трошоци треба да му помогне на гостинот тој да може правилно да ја разбере содржината на прашањата и да ја види логичноста на другите прашања за трошоците.

Износот на вкупните трошоци ќе се пресметува во Државниот завод за статистика.

На сите прашања одговори се даваат во соодветна валута и пожелно е сите трошоци да бидат изразени во иста валута.

**4. На прашањето бр. 4 „Трошоци во угостителски објекти“,** се запишуваат износите на трошоците за храна и пијалаци во истиот или во други угостителски објекти и тоа се трошоци што не влегуваат во пансионот или појадокот, содржани во прашањето 3.

Ако гостинот имал трошоци за пијалаци и храна во истиот објект за сместување кои не се содржани во пансионот или појадокот, тогаш и нив ги прикажува во прашањето број 4.

**5. Во прашањето бр. 5** се внесуваат износите на трошоците што гостинот ги имал за купување во трговската мрежа (шопинг) - облека, обувки, накит, сувенири и слично (5.1), и трошоци за рекреација, спорт и култура (5.2), медицински (здравствени) услуги (5.3) и трошоци за други услуги (5.4) - поправка на автомобил, фризерски услуги и слично.

6**. Во прашањето 6** се прикажани два вида трошоци за превоз и тоа: трошоци за превоз до Република Северна Македонија и трошоци за превоз во Република Северна Македонија.

Во прашањето 6.1 се внесуваат трошоците за превоз до Република Северна Македонија. Ако лицето дошло во аранжман на агенција во кој е вклучен и превозот, треба да се разграничи трошокот за превоз. Доколку анкетираните лица не можат да го разграничат превозот до границата и во земјата, тогаш прашањето не се одговара, а во Државниот завод за статистика ќе се пресмета соодносот меѓу трошоците во земјата и трошоците до Република Северна Македонија, користејќи го делот од аранжманот кој не е содржан во ставките ноќевања и храна во објектот за сместување (во нашиот пример тоа е износот од 1000 денари).

На прашањето 6.2 се впишуваат трошоците што лицето ги имало во Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и трошоците во самото место на анкетирање. Тука спаѓаат трошоците за бензин, патарини, такси, превоз со автобус, „рент а кар“ и други трошоци.

Прашањето број 7 се одговара со заокружување на модалитетот во зависност од начинот на плаќање кој претежно е користен од страна на туристот.

**В. Мислење за престојот**

1. Во прашањето 1. Соодветност на цените на услугите/производите со квалитетот на услугите/производите, на прашањата 1.1 и 1.2 се одговара со заокружување. Доколку на прашањето 1.1 е одговорено со „Да“, туристот не треба да одговара на прашањето 1.2. Доколку на прашањето 1.1 е одговорено со „Не“, туристот треба да одговори на прашањето 1.2 и тоа мора да има барем еден одговор со „Да“ или „Не“ од дадените модалитети.

2. Во прашањето 2 туристот треба да даде оценка од 1 до 5 во зависност од тоа колку е задоволен од наведените услови или услуги во Република Северна Македонија. Оценката 1 значи „лошо“, односно туристот воопшто не е задоволен, додека оценката 5 означува „одлично“, односно туристот е многу задоволен. Оценките се даваат за сите модалитети. Секој турист треба да одговори најмалку на 5 модалитети, односно секој може да даде оценка за сместувањето, хигиената на јавните места, безбедноста, однесувањето на луѓето и патната мрежа и слично. Во зависност од тоа што посетил туристот, може да даде оценка и за повеќе од 5 модалитети, односно треба да даде одговор и на другите соодветни модалитети.

**Г. Податоци за анкетираното лице**

Се одговара само за анкетираното лице.

**1. Државјанство** - како државјанство се запишува името на земјата која го издала пасошот, независно од личното изјаснување на туристот за неговата националност. Одговорот со букви се запишува на линијата, а шифрата се внесува во ДЗС.

**Прашања 2 и 3** - Пол и возраст - се заокружува соодветниот модалитет.

**4. Ниво на образование** - одговор се дава со заокружување на еден од понудените модалитети.

5. Доколку туристот е вработен, одговара на **прашањето 5 за групата на занимања во која припаѓа** работата која ја извршува. Ако лицето врши повеќе занимања, потребно е да се заокружи групата во која претежно се врши занимањето.

**6. Ниво на приходи** - лицето треба да го заокружи интервалот во кој приближно спаѓаат просечните месечни приходи на неговото домаќинство. Модалитетите „Не знае“ и „Не сака да одговори“ се заокружуваат доколку лицето, и покрај објаснувањето дека треба да даде приближен износ, сепак се изјаснува дека не знае или не сака да каже. Се одговара за приходот кој се остварува на ниво на домаќинство.

7. Прашањето за големината на населеното место во кое вообичаено живее, туристот го одговара приближно, според неговите познавања. Доколку се избере модалитетот „Не знае“, тогаш анкетарот треба да го праша туристот доколку сака да го наведе името на населеното место во кое живее, анкетарот ќе го впише покрај самото прашање, па големината на населеното место ќе се определи во ДЗС.